АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

Примено / Pranuar: 20.05.2022

| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 2078 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
3. **Период опфатен со надзорот:** 9 мај 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 мај 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 04.03.2022 година, за непочитување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-66 од 04.03.2022 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (07.03.2022 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 9 мај 2022 година, на локално ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно - не ја отстранил извршената повреда на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: - полното име на

давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 9 мај 2022 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка – јавна опомена, донесено на 04.03.2022 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на повредата од членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

**Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***